# ОПШТИНА КРАТОВО
# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРАТОВО

*Број 3 Година 2022* | *Претплата за 2022 година*
*09.02.2022 година* | *изнесува _____________ денари*
*Кратово* | *Тек. Сметка бр. _____________*


---

**Содржина** **Стр.**


- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Извештај на Пописната комисија за извршен попис на средства, побарувања и обврски на ден 31.12.2021 година на Општина Кратово ..... 1
- Одлука за усвојување на Извештај на Пописната комисија за извршен попис на средства, побарувања и обврски на ден 31.12.2021 година на Општина Кратово ..... 1
- Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност за примена на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ДКУ "СИЛКОМ" ДООЕЛ експорт-импорт Кратово за регулиран период 2022-2024 година ..... 2
- Одлука за давање на согласност за примена на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ДКУ "СИЛКОМ" ДООЕЛ експорт-импорт Кратово за регулиран период 2022-2024 година ..... 2
- Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност за примена на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ДКУ "СИЛКОМ" ДООЕЛ експорт-импорт Кратово за регулиран период 2022-2024 година ..... 3
- Одлука за давање на согласност за примена на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ДКУ "СИЛКОМ" ДООЕЛ експорт-импорт Кратово за регулиран период 2022-2024 година ..... 3
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализираните активности предвидени со Програмата за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура на подрачјето на Општина Кратово за 2021 година ..... 4
- Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализираните активности предвидени со Програмата за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура на подрачјето на Општина Кратово за 2021 година ..... 4
- Заклучок за објавување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност за КП.2441/1, КО Трновац, Општина Кратово ..... 5
- Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност за КП.2441/1, КО Трновац, Општина Кратово ..... 5


---

****************************************************************************************************


- Заклучок за објавување на Одлука за доделување
на помош од буџетот на Општина Кратово ........................................................................ 6
- Одлука за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово ....................... 6, 7
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Годишен
извештај за работата на Локалниот младински совет
на Општина Кратово за 2021 година ........................................................................................ 7
- Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на Локалниот
младински совет на Општина Кратово за 2021 година ...................................................... 7


**ПРИЛОЗИ:**


- Одлука за престанок на мандатот на ВД Директор на ЈП за
комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово ............................................ 8
- Одлука за именување Директор на Јавното претпријатие за
комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово ............................................ 8
- Одлука за престанок на мандатот на ВД на Директорот на
ЈОУ Дом на култура "Лазар Софијанов"-Кратово ............................................................. 9
- Одлука за именување на Директор на ЈОУ
Дом на култура "Лазар Софијанов"-Кратово ...................................................................... 9


****************************************************************************************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/19), Градоначалникот на општина Кратово на ден 09.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Извештај на Пописната комисија за извршен попис на средства, побарувања и обврски на ден 31.12.2021 година на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Извештај на Пописната комисија за извршен попис на средства, побарувања и обврски на ден 31.12.2021 година на Општина Кратово бр.09-248/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 281/1 — **Градоначалник**
09.02.2022 г. — **на Општина Кратово**
Кратово — Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 21 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ: бр.61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 и 170/17) член 29, 30, 30-а, 31, 31-а, 31-б, 31-в, 32, 33, 33-а, 34 и 35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ" бр.28/3, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/19), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Извештај на Пописната комисија за извршен попис на средства, побарувања и обврски на ден 31.12.2021 година на Општина Кратово**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово го усвојува Извештајот на Пописната Комисија за извршен попис на средства, побарувања и обврски на ден 31.12.2021 година на Општина Кратово.

Извештајот е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 248/1 — **Претседател**
08.02.2022 г. — **на Советот на Општина Кратово**
Кратово — Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/19), Градоначалникот на општина Кратово на ден 09.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за давање на согласност за примена на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ДКУ "СИЛКОМ" ДООЕЛ екпорт-импорт Кратово за регулиран период 2022-2024 година**

**1.Се објавува: Одлука за давање на согласност за примена на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ДКУ "СИЛКОМ" ДООЕЛ екпорт-импорт Кратово за регулиран период 2022-2024 година бр.09-249/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 282/1 **Градоначалник**
09.02.2022 г. **на Општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 13 став (11) и (12) од Законот за утврдување на цени на водните услуги ("Службен весник на РМ" бр.7/16), а согласно Решение за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ДКУ "СИЛКОМ" ДООЕЛ експорт-импорт Кратово за регулиран период 2022-2024 година УП1 Бр.08-197/21 од 11.11.2021 година донесено од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, како и согласно член 22 став (1) точка (4), член 36 став (1) точка (15) и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/19), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност за примена на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ДКУ "СИЛКОМ" ДООЕЛ експорт-импорт Кратово за регулиран период 2022-2024 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово дава согласност за примена на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ДКУ "СИЛКОМ" ДООЕЛ експорт-импорт Кратово за регулиран период 2022-2024 година бр.0302-31 од 02.02.2022 година донесена од Управителот на Друштво за комунални услуги "СИЛКОМ" ДООЕЛ експорт-импорт Кратово.

Оваа Одлука да се достави до ДКУ "СИЛКОМ" ДООЕЛ експорт-импорт Кратово.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 249/1 **Претседател**
08.02.2022 г. **на Советот на Општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/19), Градоначалникот на општина Кратово на ден 09.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за давање на согласност за примена на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ДКУ "СИЛКОМ" ДООЕЛ екпорт-импорт Кратово за регулиран период 2022-2024 година**

**1.Се објавува: Одлука за давање на согласност за примена на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ДКУ "СИЛКОМ" ДООЕЛ екпорт-импорт Кратово за регулиран период 2022-2024 година бр.09-250/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 283/1
09.02.2022 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 13 став (11) и став (12) од Законот за утврдување на цени на водните услуги ("Службен весник на РМ" бр.7/16), а согласно Решение за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ДКУ "СИЛКОМ" ДООЕЛ експорт-импорт Кратово за регулиран период 2022-2024 година УП1 Бр.196/21 од 11.11.2021 година донесено од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија како и согласно член 22 став (1) точка (4), член 36 став (1) точка (15) и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/19), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност за примена на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ДКУ "СИЛКОМ" ДООЕЛ експорт-импорт Кратово за регулиран период 2022-2024 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово дава согласност за примена на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ДКУ "СИЛКОМ" ДООЕЛ експорт-импорт Кратово за регулиран период 2022-2024 година бр.0302-32 од 02.02.2022 година донесена од Управителот на Друштво за комунални услуги "СИЛКОМ" ДООЕЛ екпорт-импорт Кратово.

Оваа Одлука да се достави до ДКУ "СИЛКОМ" ДООЕЛ експорт-импорт Кратово.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 250/1
08.02.2022 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на Општина Кратово**
Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/19), Градоначалникот на општина Кратово на ден 09.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализираните активности предвидени со Програмата за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура на подрачјето на Општина Кратово за 2021 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализираните активности предвидени со Програмата за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура на подрачјето на Општина Кратово за 2021 година бр.09-251/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 284/1 **Градоначалник**
09.02.2022 г. **на Општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точки 1 и 4, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишен извештај за реализираните активности предвидени со Програмата за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура на подрачјето на Општина Кратово за 2021 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово го усвојува Годишниот извештај за реализираните активности предвидени со Програмата за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура на подрачјето на Општина Кратово за 2021 година.

**Член 2**

Годишниот извештај е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 251/1 **Претседател**
08.02.2022 г. **на Советот на Општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/19), Градоначалникот на општина Кратово на ден 09.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност за КП.2441/1, КО Трновац, Општина Кратово;**

**1.Се објавува: Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност за КП.2441/1, КО Трновац, Општина Кратово бр.09-252/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 285/1 **Градоначалник**
09.02.2022 г. **на Општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/17, 190/17) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/21), член 15 од Статутот на Општина Кратово ("Сл. Гласник на Општина Кратово" бр.6/2006), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност за КП 2441/1, КО Трновац, Општина Кратово**

**Член 1**
Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Кратово со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена В5-4 верски институции (манастир) и А5-4 останати помошни објекти изградена на КП 2441/1, м.в."Гладно Поле", КО Трновац, изграден од страна на МПЦ Охридска Архиепископија Кумановско-Осоговска Православна Епархија со адреса Бул. "Партизански одреди" бр.12 - Скопје.

**Член 2**
Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од плански опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на Република Македонија.

**Член 3**
На овој локалитет нема урбанистички план за село Трновац.

**Член 4**
Со изработка на урбанистички план за село Трновац на предметната локација ќе се предвиди намена В5-4 верски институции (манастир) и А5-4 останати помошни објекти..

**Член 5**
Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09 - 252/1 **Претседател**
08.02.2022 г. **на Советот на Општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/19), Градоначалникот на општина Кратово на ден 09.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово бр.09-253/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 286/1
09.02.2022 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019) и членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.10.2019), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 08.02.2022 година расправајќи по Барањето бр.09-211/1 од 03.02.2021 година на Иванка Трендафиловска од село Биљановце Куманово како старател на Ѓорѓи Јакимов ул."Орце Николов" бр.14 Кратово, а на предлог на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово**

**Член 1**

Со одлуката Советот на Општина Кратово го прифаќа Барањето бр.09-211/1 од 03.02.2022 година поднесено до Општина Кратово од Иванка Трендафиловска од село Биљановце Куманово како старател на Ѓорѓи Јакимов а ул."Орце Николов" бр.14 Кратово за доделување на парична помош за потребите за школување, облека и храна на малолетниот Ѓорѓи Јакимов од Кратово.

За таа цел согласно предлогот на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од буџетот на општина Кратово на барателката и се одобруваат финансиски средства во вкупен бруто износ од 6.000.00 (шест илјади) денари согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019).

**Член 2**

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Кратово да изготви Решение за реализација на доделената помош преку Програмата А0-Совет на Општина, ставка 471-Социјални надоместоци од Буџетот на Општина Кратово за 2022 година".

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09 - 253/1 **Претседател**
08.02.2022 г. **на Советот на Општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/19), Градоначалникот на општина Кратово на ден 09.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на Локалниот младински совет на Општина Кратово за 2021 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на Локалниот младински совет на Општина Кратово за 2021 година бр.09-254/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 287/1 **Градоначалник**
09.02.2022 г. **на Општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 16 од Законот за младинско учество и младински политики ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.10/2020), член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002), а согласно членовите 15, 20 и 46-а од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/19), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишен извештај за работата на Локалниот младински совет на Општина Кратово за 2021 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово го усвојува Годишниот извештај за работатата на Локалниот младински совет на Општина Кратово за 2021 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 254/1 **Претседател**
08.02.2022 г. **на Советот на Општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 23 став (3) од Законот за јавните претпријатија ("Сл. Весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19), Градоначалникот на Општина Кратово, донесе

**О Д Л У К А**
**за престанок на мандатот на ВД Директор на ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово**

**1.** На Рате Јовановски именуван за ВД Директор на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово, со Одлука Бр.08-69/1 од 12.01.2022 година, **му Престанува мандатот ВД Директор, поради Избор и именување по пат на јавен оглас за Директор со мандат од 4 (четири) години.**

**2.** Одлуката за престанокот на мандатот за ВД Директор стапува на сила на 06.02.2022 година, поради донесена Одлука за именување за Директор од 07.02.2022 година.

***О б р а з л о ж е н и е***

На Рате Јовановски, назначен од редот на вработените во ЈПКДИ "Кратово"-Кратово со завршено високо образование, му престанува мандатот ВД Директор на ЈПКДИ и се враќа на претходното работно место, поради именување за Директор на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово, по распишан оглас бр.2/2022 и извршен избор на Директор од Градоначалникот на Општина Кратово.

Одлуката се донесе како што е наведено во диспозитивнот.

**08 - 69/3** **Градоначалник**
**04.02.2022 година** **на Општина Кратово**
**Кратово** Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/2002), и член 23 став (3) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19), Градоначалникот на Општина Кратово, донесе

**О Д Л У К А**
**за именување Директор на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово**

**1.** За Директор на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово, се именува **Златко Стојановски.**

**2.** Директорот на ЈПКДИ "Кратово"-Кратово, се избира со мандат од 4 години.

**3.** Решението стапува на сила на 07.02.2022 година и ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

***О б р а з л о ж е н и е***

Златко Стојановски со завршени Магистерски Правни студии-насока јавна администрација 300 ЕКТС, се избира за Директор на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово, по распишан Оглас за избор и именување со бр.08-130/1 од 25.01.2022 година од Градоначалникот на Општина Кратово а согласно член 23 став (3) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19).

Градоначалникот на општина Кратово одлучи како што е наведено во диспозитивнот на Решението.

**08 - 130/4** **Градоначалник**
**04.02.2022 година** **на Општина Кратово**
**Кратово** Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 34 и член 38 од Законот за култура ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 13 став 5 од Статутот на ЈОУ Дом на култура "Лазар Софијанов"-Кратово бр.01-26/4 од 19.02.2018 година и член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("службен весник на РМ" бр.05/02), Градоначалникот на општина Кратово, донесе

**О Д Л У К А**
**за престанок на мандатот на ВД на Директорот на ЈОУ Дом на култура "Лазар Софијанов"-Кратово**

**1.** На **Тодорка Стојчевска,** ВД Директор на Јавната општинска установа Дом на култура "Лазар Софијанов"-Кратово и **престанува мандатот.**

**2.** Мандатот на ВД Директор во траење од 6 месеци, даден со Решение бр.08-238/16 од 16.12.2021 година престанува, по што работникот се враќа на претходното работно место кое е во мирување.

**3.**Решението стапува во сила на 09.02.2022 година.

***О б р а з л о ж е н и е***

Мандатот на ВД Директорот Тодорка Стојчевска престанува и се враќа на претходното работно место, поради спроведена редовна постапка за избор на Директор на ЈОУ Дом на култура "Лазар Софијанов"-Кратово, по Оглас бр.1/2022 година и архивски бр.08-90/1 од 17.01.2022 година, распишан од Градоначалникот на општина Кратово и донесена Одлука за избор на Директор на установата.

Согласно надлежностите пропишани со членовите 30 и 38 од Законот за културата и надлежноста согласно член 50 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа, Градоначалникот на Општина Кратово одлучи како што е наведено во диспозитивот на Одлуката.

Одлуката се донесе како што е наведено во диспозитивнот.

**08 - 90/5** **Градоначалник**
**07.02.2022 година** **на Општина Кратово**
**Кратово** Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 28, член 30 и член 38 од Законот за култура ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), Одлука на Уставниот суд на РМ (У.бр.196/2007 од 16.01.2008 год. објавена во "Службен весник на РМ" бр.15/2008), член 50 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), Градоначалникот на општина Кратово, донесе

**О Д Л У К А**
**за именување на Директор на ЈОУ Дом на култура "Лазар Софијанов"-Кратово**

**1. Дејан Илиевски** се именува за Директор на Јавната општинска установа Дом на култура "Лазар Софијанов"-Кратово.

**2.** Мандатот на Директор е за време од 4 (четири) години.

**3.**Решението стапува во сила на 10.02.2022 година и ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

***О б р а з л о ж е н и е***

Изборот на Дејан Илиевски за Директор се врши по спроведена постапка за избор на Директор на ЈОУ Дом на култура "Лазар Софијанов"-Кратово, по Оглас бр.1/2022 година и архивски бр.08-90/1 од 17.01.2022 година, распишан од Градоначалникот на општина Кратово и Записник од Конкурсната Комисија при Управниот одбор со бр.02-18/1 од 03.02.2022 година со предлог за избор на Директор.

Согласно надлежностите пропишани со членовите 28, 30 и 38 од Законот за културата и надлежноста согласно член 50 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа, Градоначалникот на Општина Кратово одлучи како што е наведено во диспозитивот на Одлуката.

Одлуката се донесе како што е наведено во диспозитивнот.

**08 - 90/3** **Градоначалник**
**07.02.2022 година** **на Општина Кратово**
**Кратово** Тодорче Николовски, с.р.